**2011036865**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 март 2011 година.

Бр. 07-1506/1
22 март 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 48/2009, 50/10 и 171/10), во членот 105 став (1) точката ѓ) се менува и гласи:

„ акции од домашни акционерски друштва кои не се затворени инвестициони фондови, издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар или се тргуваат на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување во рамките на редовниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;“.

Точката з) се менува и гласи:

„документи за удел и акции на отворени инвестициски фондови, затворени инвестициски фондови и приватни инвестициски фондови регистрирани во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија при што средствата на приватните инвестициски фондови се вложуваат во акции и удели на микро, мали и средни трговски друштва во Република Македонија, дефинирани со Законот за трговските друштва;“.

Точката к) се менува и гласи:

„документи за удел, акции и други инструменти издадени од овластени инвестициони фондови со седиште во држава членка на ЕУ или на ОЕЦД што инвестирале претежно во инструменти кои котираат на берзите во тие држави и чија инвестициона политика

дозволува користење на деривативни инструменти најмногу до 20% од средствата на инвестициониот фонд, единствено со цел за заштита на средствата и обврските на инвестициониот фонд или за поефикасно остварување на целите на инвестиционата политика на инвестициони фондови кои ги следат перформансите на одреден индекс и“.

Член 2

Во членот 106 став (1) во втората реченица по зборот „издавачите“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а во документи за удел и акции на инвестициски фондови може да се инвестираат средства најмногу до 10% од вкупниот број на удели или акции на поединечниот инвестициски фонд“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во инструменти, издадени од ист субјект кој не е основан од државата и е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија или во држава членка на ЕУ или на ОЕЦД, освен во депозити и сертификати за депозит. Најмногу до 7,5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд можат да се инвестираат во инструменти, на вакви меѓусебно поврзани субјекти.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во удели и акции на инвестициони фондови издадени од исто друштво за управување од држава членка на ЕУ или на ОЕЦД може да се инвестира најмногу 15% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестира најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Во удели и акции на отворени и затворени инвестициски фондови издадени од исто друштво за управување од Република Македонија може да се инвестира најмногу 2,5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестира најмногу 1% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд. Во удели на приватни инвестициски фондови издадени од исто друштво за управување од Република Македонија може да се инвестира најмногу 1,25% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд, при што во поединечен инвестиционен фонд може да се инвестира најмногу 0,5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 3

Во членот 107 точка ѓ) се додава нова реченица која гласи: „Во рамките на ова ограничување најмногу 1,5% од средствата на задолжителниот пензиски фонд може да се вложи во документи за удел на приватните инвестициски фондови.“

Член 4

Во членот 108 точка е) по зборот „инструменти“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен посредно вложување преку инвестициони фондови во согласност со ограничувањата од членот 105 став (1) точка к) на овој закон“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.